# Автопат Скопје-Косовска граница од Транс-Европската транспортна траса

Локација: Северна Македонија

Број на проект: 52508

Деловен сектор: Транспорт

Деловен сектор: Државен

Еколошка категорија: A

Планиран датум за одобрување: 9 јуни 2022 година

Статус: **Ревидиран концепт**

Датум на објава на Резимето на проектот: 24 февруари 2022 година

## Опис на проектот

Обезбедување на кредит со државна гаранција за Јавното претпријатие за државни патишта ( ,,Компанијата'' или ,, ЈПДП''), компанија во државна сопственост со седиште во Република Северна Македонија, во износ до ЕУР 110 милиони. Проектот ќе ја финансира изградбата на приближно 10 км под-секција на автопатот од Транс-Европската Транспортна траса 6, од Скопје (клучка Стенковец) до Блаце, блиску до границата со Република Косово (,,Проектот'').

Проектот ќе биде ко-финансирам со ЕУР 20,8 милиони инвестициски грант обезбеден од Европската Унија (ЕУ) преку Програмата за инвестиција за Западен Балкан. Преку неа е одобрен пакет на грант поддршка која вклучува ЕУР 8,8 милиони на фондови за техничка поддршка за подготовка на проектот, поддршка во имплементација на проектот и супервизија на активностите.

## Цели на проектот

Постоечкиот пат помеѓу Скопје и Косовската граница е пат во две насоки изграден пред 50 години, кој не ги задоволува сообраќајните потреби на ЕУ стандардите за безбедност.

Бидејќи трговијата помеѓу Северна Македонија и Косово бележи раст, поголемиот обем на сообраќај доведе кон подолго време на патување. Проектор вклучува изградба на автопат со 4 ленти, кој воспоставува безбедна брза конекција и трговска траса помеѓу двете соседни земји, како и на поширокиот регион на Западен Балкан. Проектот е креиран за да ја поддржи реформската агенда на Банката за македонскиот сектор на патишта, со фокус на финансиска одржливост и климатска отпорност, промовирајќи услови за користење инфраструктура за електрични возила.

# Влијание на транзицијата

ЕТИ резултати: 63

**Примарни квалитети: Интегрираност**

Проектот ќе даде материјално квалитетни подобрувања на постоечката инфраструктура помеѓу или во рамки на регионите кои во моментов не се соодветно интегрирани. Новиот автопат, како дел од Транс-Европската Транспортна клучна мрежа, претставува стратешка транспортна оска, и се очекува да воспостави брза и безбедна конекција помеѓу Северна Македонија и Косово, како и помеѓу Западен Балкан и ЕУ.

Банката ќе го поддржи и Министерството за транспорт и комуникации во развој на Националната стратегија (и Акционен план) за промовирање на развојот на инфраструктурата за полнење на електрични возила во Северна Македонија.

**Секундарен квалитет: Отпорност**

Проектот ќе промовира зајакнување на финансиската одржливост на Компанијата. Акцизата за гориво е клучен извор на приходи на ЈПДП. Министерството за финансии се согласи да го зголеми процентот од акцизата за гориво која ја доделува на ЈПДП, за компанијата да може да се оправи во однос на оперативните и капиталните трошоци.

# Информација за клиентот

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

ЈПДП е компанија во државна сопственост одговорна за управување и одржување на националната и регионалната мрежа на патишта во Северна Македонија.

За овој проект гаранцијата ја обезбедува Република Северна Македонија.

# Резиме за финансирањето на ЕБОР

ЕУР 110,000,000.00

Кредит на ЕБОР: ЕУР 110,0 милиони

Инвестициски грант од Програмата за инвестирање на Западен Балкан: ЕУР 20,8 милиони

**Вкупна сума на финансирање: ЕУР 130,8 милиони**

# Вкупна вредност на проектот

ЕУР 130.800.000,00

Капитален трошок: ЕУР 130,8 милиони

# Додадена вредност

Додадената вредност на Банката доаѓа од: i) обезбедување на долгорочно финансирање кое недостасува во земјата, и кое се совпаѓа со периодот на инфраструктурни инвестиции; ii) натамошната поддршка на Банката за комерцијализација на патниот сектор во Северна Македонија; и iii) промовирање на стандарди за најдобри набавки.

# Еколошко и социјално резиме

Категорија а (2019 година). Проектот се состои од приближно 10 км пат од клучката на локалниот пат за селото Блаце до постоечката клучка Стенковец, еден од двете под-секции за изградба на Автопатот М4 во Северна Македонија. Проценката за влијание на еколошките и социјални аспекти за овој проект е завршена со поддршка од Програмата за инвестирање на Западен Балкан и следниве документи ќе бидат достапни за јавна ревизија и коментари:

- Проценката за влијание на еколошките и социјални аспекти, вклучувајќи Еколошки и социјален менаџмент план (на англиски и македонски јазик)
- Не-техничко резиме (на англиски, македонски и албански јазик)
- План за ангажман на учесниците во проектот (на англиски и македонски јазик)
- Еколошки и социјален акционен план (на англиски и македонски јазик)
- Рамка за аквизиција на земјата и преселување (на англиски и македонски јазик)

Проценката на влијанието од климата беше исто така извршена. Сите овие документи се ревидирани во име на ЕБОР од страна на независни еколошки и социјални консултанти, кои потврдија дека истите ги задоволуваат барањата согласно македонската регулатива и Барањата за работење на ЕБОР.

Проектот се поврзува со скопската обиколница и се протега од северо-запад кон границата со Косово, паралелно со трасата на постоечкиот национален пат А4. Земјиштето е воглавно земјоделско или со шума. Проектот се очекува да има позитивно влијание во подобрување на патната мрежа, зголемувајќи ги брзината и безбедноста на постоечката траса. Други позитивни влијанија се поврзани со зголемување на вработеноста и економските активности. Влијанијата кои доаѓаат како резултат од аквизиција на земјиштето се однесуваат на викенд куќи и одредена инфраструктура поврзана со земјоделие. Не се очекува физичко раселување. Планот за аквизиција и раселување е подготвен врз основа на постоечкиот Рамковен документ кој е дел од објавениот пакет документи и ќе биде финализиран пред изградбата. Истиот ќе ги разработи потенцијалните влијанија на постоечките влијанија. Ризиците поврзани со градежните работи ќе бидат менаџирани од изведувачите преку главните менаџмент планови. Истите ќе вклучат планови за здравје и безбедност на вработените, здравје и безбедност на заедницата и планови за менаџирање со сообраќајот.

Овој проект се развива од 2002 година. Од 2018 до 2021 година, беше превземена серија на активности поврзани со институционалните учесници во проектот од страна на ЈПДП, со цел да се обезбедат релевантни податоци за селектирање на проектни опции и мислења од релевантните институции. Беше развиен План за ангажман на учесниците согласно барањата на ЕБОР, со цел да се идентификуваат релевантни локални учесници и да се дефинира програмата на ангажираност на учесниците, која ќе се имплементира за проектот.

Главниот ризик во овој проект е поврзан со градежните активности кои треба да бидат изведени од изведувачите. Тие вклучуваат потенцијални влијанија врз локалниот квалитет на вода, вознемирување предизвикано на локалното население за време на градежните работи и можните влијанија на локалните заедници и нивното живеење поврзано со аквизиција на земјиштето. Еколошкиот и социјален менаџмент план за проектот бара повеќе планови со дефинирани мерки на ублажување кои треба да се имплементираат за време на изградбата и оперативните фази. Ревизија на безбедноста на патот ќе биде потребна заедно со измени на планот и мерки на ублажување инкорпорирани во Проектот, онаму каде што е потребно.

Развиен е и Еколошкиот и социјален акционен план со цел да се обезбеди целосно усогласување на проектот со Барањата за реализација на ЕБОР. Еколошкиот и социјален акционен план ги вклучува барањата на клиентите за имплементирање на Еколошкиот и социјален менаџмент план, за воспоставување на механизми за заштита и развој и имплементација на акциони планови за здравје, заштита и биодиверзитет. Банката ќе го мониторира еколошкото и социјалното работење и имплементација на Еколошкиот и социјален акционен план, преку имплементација на истиот во активен мониторинг за време на фазата на изградба, вклучувајќи мониторинг посети на лице место, кога за истото има потреба.

# Техничка соработка (ТС) и финансирање со грант

*Пред-потпишувањето*

- **ТС 1:** Подготовка на проектот, вклучувајќи развој на Студија на изводливост, нацрт, Еколошки и социјален акционен план и тендер документација
- **ТС 2:** Техничка и економска подготовка, вклучувајќи независна ревизија на проектот, отпорност на климатските услови и родова анализа
- **ТС 3:** Иницијална проценка на поддршката за воведување на инфраструктура на полнење на возила на електричен погон.
- **ТС 4:** Еколошка и социјална проценка .
- **ТС 5**: Детално мапирање на хабитатот за екосистемите во Северна Македонија.

*Пост-потпишување*

- **ТС 6:** Супервизија на работите.
- **ТС 7:** Поддршка на имплементација на проектот.
- **ТС 8:** Поддршка на развојот на Националната стратегија (и Акциониот план) за промоција и реализација на инфраструктура на полнење на електрични возила во Северна Македонија.

# Контакт информации за компанијата

Наџи Исмаили
n.ismaili@roads.org.mk
+389 (0) 2 3118-044
+389 (0) 2 3220-535
www.roads.org.mk
Даме Груев 14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

# Резиме на имплементација

# Последно ажурирање на Резимето на проектот

24 февруари 2022 година

# Поврзани материјали

Проценка на еколошките и социјалните влијанија
Објавена на 15.02.2022

# Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се проверат тука.

# Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.

За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) контактирајте нѐ на:

Телефон: +44 20 7338 7168

Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проектите на Банката со државниот сектор, посетете ја веб страната Набавки на ЕБОР:

Телефон: +44 20 7338 6794

Електронска адреса: procurement@ebrd.com

# Општи прашања

За сите прашања околу проектите, можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

# Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на „еколошки стабилен и одржлив развој". ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

# Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во мониторинг на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи соодветна активност. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик во земјите каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

# Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк - Пристап до политики за информирање, за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се достават преку Формуларот за прашања за ЕБОР.

# Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку

директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизам на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање, и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено спречувајќи идни неусогласувања со Банката.

Посетете ја веб страната Независен механизам за проектната отчетност (НМПО) за да дознаете повеќе за активностите и мандатот на истиот. Можете да поднесете барање за ревидирање или директно да го контактирате НМПО на електронската адреса ipam@ebrd.com за да добиете упатства и повеќе информации за НМПО и за начинот на поднесување барање.